**20242464319**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 2 став 3 од Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/02, 89/08, 161/09, 6/12, 104/13, 33/15, 161/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.311/20, 39/22 и 74/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 ноември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ЕМИСИЈА НА ОБВРЗНИЦИ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

1. Република Северна Македонија врши Дваесет и трета емисија на обврзници за денационализација.
2. Емисијата на обврзниците се врши во износ од 1.500.000 евра.
3. Со емисијата на обврзниците од точка 2 на оваа одлука се опфатени сите правосилни решенија за денационализација од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година со кои како надомест се дадени обврзници.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11599/4
26 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.